РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР – СКОПЈЕ**

# УПАТСТВО

## ЗА ЗАВЕРКА НА ЗИМСКИ СЕМЕСТАР И ЗАПИШУВАЊЕ НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА – ЗА СТУДЕНТИТЕ ЗАПИШАНИ ВО ПРВА ГОДИНА –

За заверка на зимскиот и за запишување на летниот семестар во учебната 2019/20 година, потребно е најпрво студентот да се најави на iKnow системот и да изврши електронско запишување на вториот (летен) семестар 2019/20.

По најавување во iKnow системот, треба да се избере опцијата „Запишани семестри" и со копчето „Внеси" да се избере летен семестар 2019/20.

По изборот на семестарот, се избира табот „Предмети", каде што треба да се изберат предмети кои ќе се слушаат во семестарот. Изборот на предмети се врши во согласност со студиската програма која што е објавена на веб страницата:

http://www.fdtme.ukim.edu.mk/studii

Потребно е да се изберат трите задолжителни предмети и два изборни предмети за соодветната насока. Откако ќе се изберат предметите, треба да се притисне копчето „ЗАПИШИ ПРЕДМЕТИ".

Откако ќе се заврши со постапката за електронско запишување на семестарот, потребно е да се доставаат потребните документи во службата за студентски прашања, во периодот од 03-07.02.2020 година.

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАВЕРКА И ЗАПИШУВАЊЕ НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2019/20 (за студенти во прва година):

1. ИНДЕКС
2. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАВЕРКА НА СЕМЕСТАР
3. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАР
4. Уплатница (Образец ПП50)
   - за уплатени **100 EUR** (6.150 ден.), со цел на дознака - *Втора рата од надоместокот за студирање*, на сметката на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер (за студенти кои се запишани во државна квота)
   - за уплатени **200 EUR** (12.300 ден.), со цел на дознака - *Втора рата од надоместокот за студирање*, на сметката на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер (за студенти кои се запишани во квота со кофинансирање на студирање и за вонредните студенти)

Уплатата се врши на **образец ПП 50** и ги содржи следните податоци:
**Цел на дознака**: Надомест за студирање - II рата
**Назив на примачот**: Буџет на РМ, ФДТМЕ - Скопје
**Банка на примачот**: НБРМ
**Жиро сметка**: 100000000063095
**Износ: 6.150/12.300 ден.**
**Сметка на буџетски корисник**: 1600161654–788–11
**Приходна шифра и програма**: 723012 41

---

**ДОКУМЕНТИТЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА СЕ ДОСТАВАТ ВО ПРЕДВИДЕНИТЕ ТЕРМИНИ. ПО ТИЕ ТЕРМИНИ МОЖАТ ДА СЕ ДОСТАВУВААТ САМО ДОПОЛНИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ КОИ ШТО НЕДОСТАСУВААТ.**

---

**Според Одлука бр.0202-324/1-VII -6 од 27.10.2011 година:**

- **ЗАПИШУВАЊЕТО БЕЗ КАЗНА ЌЕ СЕ ВРШИ ДО 26.02.2020 ГОДИНА. СТУДЕНТИТЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА ГИ ДОСТАВАТ ДОКУМЕНТИТЕ ВО ПРЕДВИДЕНИТЕ ТЕРМИНИ, А ДО 26.02.2020 МОЖАТ САМО ДОПОЛНИТЕЛНО ДА ДОСТАВУВААТ ДОКУМЕНТИ ШТО НЕДОСТАСУВААТ ИЛИ СЕ НЕИСПРАВНИ.**
- **ЗАПИШУВАЊЕТО НА СЕМЕСТАРОТ ОД 27.02.2020 ДО 13.03.2020 ГОДИНА ЌЕ СЕ ВРШИ СО НАДОМЕСТ ОД 500 ДЕНАРИ.**
- **ЗАПИШУВАЊЕТО НА СЕМЕСТАРОТ ПОСЛЕ 13.03.2020 ГОДИНА ЌЕ СЕ ВРШИ СО НАДОМЕСТ ОД 2000 ДЕНАРИ.**

---

22.01.2020 г.

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И
ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ
И ЕНТЕРИЕР - СКОПЈЕ**